

**Димитар Икономов – Орфо** (17. I 1873 – 5. VIII 1922) е македонски револуционер и неврокопски реонски војвода на ТМОРО. Познат е под псевдонимите Осман и Орфо. Како учител во Пиринско, бил близок соработник на Јане Сандански. Учествувал во грабнувањето на мис Елен Стон во 1901 г. и зел учество во Младотурската револуција во 1908 г.. Бил член на Народната федеративна партија (1909). Зел учество и во Првата балканска војна (1912) во борбите во Пиринско. Како кмет на Неврокоп, поради неговата соработка со Александар Стамболиски и со БКП(тс), бил ликвидиран од десницата на македонското револуционерно движење.

Димитар Иванов Икономов  е роден на 17 јануари 1873 година во Драмското село Ловча, Егејскиот дел на Македонија. Завршил прогимназија во Неврокоп. Своето образование го продолжил во Серското, а потоа во 1899 година го завршил педагошкото училиште во Скопје, каде станал член на Македонската револуционерна организација.

Во 1900 година бил учител во село Србиново. Како учител во Пиринско, бил близок соработник на Јане Сандански и учествувал во грабнувањето на мис Елен Стон во 1901 година.

Во 1902 година бил учител во Старчишта. Во 1903 година бил затворен во Еди Куле во Солун по Балдевската афера. Имено, на 16 април 1903 година, неврокопската околиска чета на Македонската револуционерна организација носејќи оружје, била опколена во селото Балдево од над 500 војници и голем број башибозук. Во битката, четата беше речиси уништена, по што населението беше подложено на репресија. Неврокопскиот кајмакамин, кој е на чело на војската, наредил да се запалат сите куќи во селото. 22 лица загинале од Балдево и 34 од соседните Јуч Дурук, Даг чифлик, Средна, Фотовишта, Либјахово, Осиково, Скребатно, меѓу кои има деца и стари лица. Сите преживеани биле затворени во затворот Неврокоп.

По ослободувањето следната година, Димитар Икономов станал член на Неврокопскиот околиски револуционерен комитет и бил началник на околиската милиција. Во 1906 година, тој беше делегат на Вториот конгрес на Серски револуционерен округ и станал член на Серскиот окружен револуционерен комитет. Со чета од 4-5 луѓе дејствувал како помошник војвода на неврокопскиот реонски војвода Петар Милев.

Димитар Икономов зел учество во Младотурската револуција во 1908 година. Како член на Народната федеративна партија учествувал и во маршот на Јане Сандански до Цариград за да се угуши антиуставниот пуч во април 1909 година.

Исто така, учествувал во Првата балканска војна во 1912 година, служејќи во четата на Тодор Паница, како и во Првата светска војна како разузнувач. По демобилизацијата се населил во Неврокоп и станал член на Привременото претставништво на поранешната ВМРО.

Димитар Икономов бил меѓу основачите на земјоделската организација во градот и меѓу основачите на тутунската задруга во градот. Станал активен член на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС) и во 1920 година бил избран за кмет на градот.

Димитар Икономов бил убиен на 5 август 1922 година во Неврокоп од членовите на десницата на Организацијата, поради неговата соработка со Александар Стамболиски и со БКП(тс),